Министерство за животна средина и просторно планирање

Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за водите

Скопје, Јануари 2011 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Главната причина за пристапување кон измени и дополнување на Законот за водите е:

- усогласување со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, и
- зголемување на приходите на општините.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите на дополнувањата и измените на Законот за водите е усогласување на законот со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Воедно, дополнувањата се прават и со цел да се обезбеди зголемување на приходите на општините во насока на распределбата на надоместокот кој се наплаќа од издадени концесии за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија во соодност 50% за Буџетот на Република Македонија, 50 % за буџетот на единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се врши концесиската дејност.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со предложените изменувања и дополнувања се обезбедува зголемување на приходите на единиците на локална самопурава.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените измени не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

Донесувањето на дополнувањата на Законот за водите не предизвикуваат дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

V. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на овој закон не треба да се донесат посебни прописи за спроведување на законот.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Член 1

(1) Во Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10 и 51/11 ) во членот 54 ставот (5), се менува и гласи: „На предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, Владата на Република Македонија формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија во согласност со одредбите од Законот за коцесии и јавно приватно партнерство. "
(2) Во ставот (6), зборовите „Законот за концесија и други видови на јавно приватно партнерство", се заменуваат со зборовите „Законот за концесии и јавно приватно партнерство".
(3) Ставот (7), се брише.

Член 2

Во членот 55 зборот „конкурс„ се заменува со зборот „повик" и зборовите „ други видови на" се бришат.

Член 3

Во членот 56 во ставот (1), зборовите „ други видови на" се бришат.

Член 4

Во членот 58 во ставот (2) алинејата 2 се брише.
Во ставот (4) по алинејата 1 се додава нова аленеја 2 која гласи:
„- за полнење на вода во шишиња – како процент од продажната цена по литар произведен производ,"

По ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9) кои гласаат:

„(7) Средствата од концесискиот надоместок за користење на вода за производство на електрична енергија се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 50% приход на Буџетот на Република Македонија и 50 % на буџетот на општините и општините во градот Скопје во зависност на чие подрачје се врши концесиската дејност.
(8) Средствата од ставот (7) на овој член кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се

распределуваат во соодносот 50% за општината од подрачјето на градот Скопје и 50 % за градот Скопје.
(9) Обврзници од денационализација можат да се користат за плаќање на делот од концесискиот надоместок за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија кој е приход на Буџетот на Република Македонија во висина 50% од вкупниот износ, а останатите 50% кои се приход на буџетот на општините и општините во градот Скопје се плаќаат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка."

Член 5

Членот 59 се менува и гласи:
„Преносот на договор за концесијата се врши во согласност со одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство само доколку истовремено се пренесат правата и обврските за користење на водата утврдени во дозволата за користење на водата, во постапка, на начин и под услови утврдени со овој закон".

Член 6

Во членот 60 ставот (1) се менува и гласи:
„Концесијата престанува да важи:
1) доколку му биде одземена дозволата за користење на вода; и
2) други случаи предвидени со одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство".

Член 8

Одредбите од членовите 1), 2), 3), 5) и 6) од овој Закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнување на примененување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувњето во „Службен весник на Република Македонија",

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Целите на изменувањата и дополнувањата се да се изврши усогласување на Законот за водите со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
Воедно дополнувањата на членот 58 (член 4 од измените) се вршат со цел да се обезбеди пораст на приходите на единиците на локалната самопурава во насока на распределба на надоместокот кој се наплаќа од издадени концесии за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија во соодност 50% за централниот буџет, 50 % за општините на чие подрачје се вршат концесиските дејности. Изменувањето на ставот 2 и ставот 4 се од техничка природа.

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Цели на изменувањата и дополнувањата во член 1, 2, 3, 5, и 6 се со цел да се изврши усогласување на Законот за водите со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
Со дополнувањата на член 58 (член 4 од измените), ќе се овозможи зголемување на приходите на општините на чие подрачје ќе се врши концесиска дејност за искористување на вода заради производство на електрична енергија.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на дополнувањата на Законот за водите ќе се изврши усогласување со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и ќе се овозможи пораст на приходите на општините на чие подрачје се врши концесиска дејност за користење на водата за производство на електрична енергија. Со ова се создаваат услови општините да ги зголемат своите приходни капацитети и да обезбедат средства за спроведување на обврските кои произлегуваат од Законот за водите.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Член 54

## Постапка за доделување на концесија

(1) Во име на Република Македонија, концесијата од членот 53 став (1) на овој закон ја дава Владата на Република Македонија.

(2) За започнување на постапката за доделување на концесијата одлучува Владата на Република Македонија по образложен предлог доставен од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, изработен во согласност со Водостопанската основа на Република Македонија и плановите за управување соречните сливови.

(3) Образложениот предлог од ставот (2) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го доставува по претходна согласност со органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на земјоделството, а за кој позитивно се изјасниле органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на економијата, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на транспортот и врските, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на одбраната, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на културата, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на внатрешните работи и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

(4) Одлуката од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесијата составена од најмалку пет члена во која задолжително учествува и еден претставник на општините, општините во градот Скопје и градотСкопје на чие подрачје ќе се изведува концесискиот проект.

(6) Во врска со постапката за доделување на концесијата, како и другите прашања во врска со концесијата соодветно се применуваат одредбите од Законот за концесија и други видовина јавно приватно партнерство.

(7) Претставникот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во Комисијата од ставот (5) на овој член, го именува градоначалникот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје ќе се изведува концесискиот проект.

## Член 55

### Доделување на концесија по патна јавен конкурс и исклучоци

Концесијата се доделува по пат на јавен конкурс организиран и спроведен во согласност со одредбите од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

## Член 56

### Однос меѓуконцесијата и дозволата за користење на вода

(1) Кога концесијата се доделува во согласност со одредбата од членот 55 на овој закон, во јавниот повик за доставување на понуди за доделување на концесијата задолжително се наведува дека задолжителен услов за склучување на концесискиот договор е прибавување на дозвола за користење на вода во согласност со одредбите од овој закон, а во тендерската документација, покрај елементите утврдени согласно со Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, се наведуваат условите што ќе бидат содржани во дозволата за користење на водата, како и условите кои се неопходни да се исполнат или истражат заради заштита и унапредување на медиумите и областите на животната средина.

(2) Дозволата за користење на вода прибавена во согласност со одредбите од овој закон нема да произведува правно дејство доколку не се склучи концесискиот договор.

(3) Доколку прворангираниот понудувач не ја прибави дозволата за користење на вода или не ги исполни другите услови за склучување на концесискиот договор утврдени со јавниот повик, во рокот определен со овој закон, Комисијата од членот 54 став (5) на овој закон го повикува втророрангираниот понудувач да пристапи во постапката за склучување на концесискиот договор.

## Член 58

### Концесиски надоместок

(1) Покрај надоместокот кој се плаќа за користење на водата врз основа на дозволата за користење на водата и други надоместоци утврдени со закон, концесионерот плаќа концесиски надоместок во зависност од видот на трговската дејност. Висината на надоместокот за секоја дејност се утврдува во концесискиот договор.

(2) Надоместокот за концесија за користење на водата, се состои од два дела, и тоа:

- еднократен надоместок кој се плаќа со доделување на концесијата и
- за полнење на вода во шишиња - како процент од продажната цена по литар произведен производ,

- годишен надоместок кој се плаќа секоја година за времетраењето на концесискиот договор.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член надоместокот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од електрани со инсталирана моќност над 10 MW се состои само од годишен надоместок кој се плаќа за секоја година од времетраењето на концесискиот договор.
(4) Висината на годишниот надоместок за користење на вода во зависност од видот на трговската дејност, се определува врз основа на следниве критериуми:
- за производство на електрична енергија - како процент од остварената просечна цена на произведената електрична енергија,
- за одгледување на риби во рибници и во кафези - како процентот од проценетото вкупно производство на риба во определена година на користење на концесијата, а според продажната цена по килограм риба,
- за туристички услуги - како процент од просечната продажна цена на градежното земјиште на подрачјето на градот или општината во која е доделена концесијата и тоа според површината за користење и години на користење и
- за езерски сообраќај - како процент од остварениот приход од вршењето на дејноста.
(5) Висината на еднократниот надоместок за концесија за користење на вода се определува како процент или повеќекратен износ од пресметаниот или проценетиот годишен износ на годишниот надоместок.
(6) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску го утврдува начинот на определувањето на висината на еднократниот и годишниот надоместок согласно со критериумите од ставовите (4) и (5) на овој член.

## Член 59

## Пренос на концесијата

Владата на Република Македонија го одобрува преносот на концесијата, доколку се пренесат правата и обврските за користење на водата утврдени во дозволата за користење на водата, во постапка, на начин и под услови утврдени со овој закон.

## Член 60

## Престанок на концесијата

(1) Концесијата престанува да важи:
1) доколку му биде одземена дозволата за користење навода;

2) доколку концесионерот не започнал со вршење на концесиската дејност во рокот утврден соконцесискиот договор;

3) со истекот на рокот за важење предвиден во концесискиот договор;

4) со предвремен откуп на концесијата во јавен интерес;

5) во посебен случај на едностран раскин на концесискиот договор од страна на концедентот или концесионерот предвиден со Законот за концесии и дрги видови на јавно приватно партнерство;

6) со стечај илиликвидација на концесионерот и

7) други случаи предвидени содоговорот.

(2) Со престанокот на концесијата престанува и дозволата за користење на водата.